NSW Health

# Што можам да очекувам кога ќе ги добијам моите вештачки вилици?

What can I expect when I get my dentures?

Macedonian

## Можеби ќе биде потребно извесно време за вашата уста да се навикне на новите вештачки вилици.

### Може да ги забележите следните работи:

- Може да имате чувство дека вилиците се големи за вашата уста
- Може да имате повеќе плунка
- Вилиците може да се движат кога јадете или зборувате
- Чувството при џвакање и гризење ќе биде различно
- Храната може да има различен вкус
- Говорот може да биде различен
- Може да се појави одредена непријатност, што е нормално

Ако сè уште имате проблеми, известете го вашиот стоматолог при следниот контролен преглед.

### Што треба да направам за моите вештачки вилици да траат подолго?

- Не ги натопувајте во жешка вода или не ги оставајте во автомобил во кој е жешко.
- Никогаш не користете хемикалии, како што е белило, на вашите вештачки вилици.
- Не се обидувајте сами да ги прилагодувате, модифицирате или поправате вашите вештачки вилици или да користите лепило за да ги поправите – отидете кај вашиот стоматолог.
- Извадете ги вашите вилици кога спиете или ако се занимавате со контактни спортови.
- Ракувајте со вашите вилици со големо внимание. Ако ви паднат, може да се скршат!

### Како да се грижам за устата?

- После јадење, исплакнете ја устата и вилиците со вода за да избегнете таложење на храна.
- Ако користите лепило / забно лепило (adhesive), погрижете се да ги отстраните сите остатоци од храна од устата.
- Ако имате парцијални вилици, погрижете се да ги миете сите преостанати природни заби двапати на ден со паста за заби со флуор.

### Кога треба да одам на стоматолог?

- Ако е потребно прилагодување на вашите вештачки вилици. Можеби ќе бидат потребни неколку посети за вашите вилици правилно да се вклопат во устата.
- Ако ви се скршат вештачките вилици.
- Ако имате преголема болка, извадете ги вилиците, НО треба да ги носите утрото кога ќе одите на контролен преглед.

© NSW Ministry of Health. July 2024

- Ако имате болни, црвени пукнатини на аголот на усните кои не исчезнуваат.
- Ако имате болка или чувство на печење со црвени/воспалени површини или бели дамки (може да имате габична инфекција на устата (oral thrush)).
- Ако имате црвени дамки или болни места на местото каде што е поставена вашата вештачка вилица.
- Ако имате било какви рани во устата кои не заздравуваат во рок од две недели.

## Грижа за вештачки вилици

- Чистете ги вашите вештачки вилици наутро и навечер.
- Правете го ова во мијалник со вода или над крпа за да го намалите ризикот од кршење ако ви паднат.
- Користете благ течен сапун на четка за заби со меки влакна.
- Не користете паста за заби за чистење на вилиците.
- Темелно исчистете ги сите делови од вештачката вилица. Исплакнете ја со ладна вода.
- Исчистете ги непцата и јазикот со мека четка за заби и вода, наутро и навечер.
- Извадете ги вештачките вилици пред спиење навечер. Чувајте ги исчистените вештачки вилици во сув сад преку ноќ.

## Што можете да јадете?

- Можеби е најдобро да започнете со мека храна како што се јајца, кисело млеко, риба и варен зеленчук и потоа полека да се вратите на вашата вообичаена здрава исхрана.
- Постојат неколку видови на храна што треба да ја избегнувате кога првпат ќе ги ставите вашите вештачки вилици. Тие вклучуваат кочани од пченка и јаткасти плодови.
- Следуваат неколку совети кои можат да помогнат:
- Бидете внимателни кога јадете жешка храна, бидејќи вештачките вилици може да ви отежнат да оцените колку навистина е жешка храната и пијалоците.
- Исечкајте ја храната на мали парчиња.
- Џвакајте на двете страни од вештачките вилици.
- Внимавајте на малите семки. Тие можат да се заглават под вилиците и да предизвикаат непријатност.

## Стоматолошки услуги во Нов Јужен Велс

**Јавните стоматолошки клиники во Нов Јужен Велс** нудат бесплатна општа и итна стоматолошка нега за сите деца на возраст под 18 години кои имаат Medicare картичка. Услугите во јавните стоматолошки клиники се бесплатни за возрасни лица со една од следните картички за попусти од Австралиската влада:

- Пензионерска картичка за попусти (Pensioner Concession Card)
- Здравствена картичка (Health Care Card)
- Сојузна здравствена картичка за постари граѓани (Commonwealth Seniors Health Card)

За да закажете термин во јавна стоматолошка клиника, јавете се на: 1800 679 336.

Тие ќе ви побараат податоци за вашата Medicare картичка. Ако сте возрасно лице, ќе ви бидат потребни и податоците за вашата картичка за попусти.

За да најдете **приватен стоматолог**, одете на Australian Dental Association - Find a Dentist (Австралиско стоматолошко здружение – Најдете стоматолог) https://www.adansw.com.au/Community/FindaDentist

© NSW Ministry of Health. July 2024